Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 183/0306
23.05 20 18 год.
Скопје

23.05.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 мај 2018 година, врз основа на примена жалба од Стојан Трпчевски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Текстот на интернет порталот „Нова ТВ“ не отстапува
од професионалните и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 4 мај 2018 година, уредникот на Информативната програма на Македонската телевизија (МТВ), Стојан Трпчевски, поднесе жалба за текстот со наслов „Јавниот сервис МРТВ – симбол на пропагандно оружје", објавен на 26 април 2018 година, на интернет порталот „Нова ТВ" (www.novatv.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и клевета и оти изнесените информации не соодветствуваат со реалноста. Трпчевски во претставката најостро ги демантира обвинувањата дека како уредник на Информативната програма вршел цензура и притисоци врз новинарите и дека спроведувал пропаганда.

*„Побарав јавно извинување и повлекување на изнесените невистини, согласно членовите 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. На 2 мај беше објавен мојот демант, но во него нема извинување, туку дополнителни паушални наводи"*, вели уредникот на МТВ, Стојан Трпчевски во поднесената претставка .

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Нова ТВ" и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Авторот на оспорениот текст, Биљана Секуловска, одговори на наводите на жалителот.

Секуловска смета дека поднесената жалба е неоснована, дека текстот не содржи навреда и клевета и оти нема потреба од процес на медијација. Таа појаснува дека во текстот се земени изјави од новинари кои во моментов работеле со Трпчевски и кои сакале да останат анонимни, стравувајќи од притисоци и дополнителни казни, ако јавно проговореле против својот уредник.

*„Истражувањето за состојбите во МТВ сметам дека е исклучително важно-примарно, фокусот е во име на јавниот интерес, кој подразбира информирање на јавноста за овие состојби, со што се поттикнува активно партиципирање на граѓанството во креирањето на јавните политики"*, велат од „Нова ТВ" во одговорот на жалбата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината на текстот е **НЕОСНОВАНА** и дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 мај, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот на „Нова ТВ“ произлегува од јавниот интерес и дека работата на јавниот радиодифузен сервис претставува легитимна новинарска цел и не смее да биде изземена од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Комисијата се согласи дека фактите во текстот обезбедуваат објективна информација и согледување на повеќе аспекти на темата, во случајов, работата на МРТВ. Авторот користи повеќе извори на информации, поаѓајќи од анонимни сведоштва на новинари во медиумот, преку ставови на релевантни претставници од сферата на медиумите и комуникациите, до наведување цитати од забелешки и препораки на врвни европски институции, како Советот на Европа и Европската Комисија, во однос на функционирањето на јавниот радиодифузен сервис во Македонија.

Членовите на Комисијата констатираа дека авторот на истражувањето ги испочитувал сите новинарски начела, вклучително и основните принципи - да употреби повеќе извори и да обезбеди „втора страна“ за да ја поткрепи информацијата:

***„Уредниците на Информативната програма, претходниот Горан Петрески и актуелниот, Стојан Трпчевски, одбиваат да одговорат за обвинувањата на новинарите дека ги цензурирале и дека на дневна основа имале средби со раководството на МТВ – и двајцата ја отфрлаат својата улога и велат – „не сум адресата да давам изјави, има други луѓе таму“.***

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Според членот 1 од Кодексот на новинарите, новинарот може да објави нешто за кое што нема доволно докази, а за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи, кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста.

Во продолжение, Комисијата најде дека авторот ги испочитувал и останатите членови од Кодексот на новинарите, вклучително и принципот за заштита на изворот на информациите, во услови кога тој сака да остане анонимен, како што е во случајов. Кодексот на новинарите налага дека изворот на информацијата, по правило, треба да се идентификува, освен кога тоа може да влијае на неговата безбедност или безбедноста на трета страна.

Понатаму, членовите на Комисијата утврдија дека авторот на текстот објавил и демант, со што го заштитил и сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој работи.

Согласно горенаведеното, Комисијата констатираше дека текстот на интернет порталот „Нова ТВ" е професионален и етички и не најде елементи кои упатуваат на неточно и нефер известување и клевета. Оттука, членовите на Комисијата заклучија и дека медиумот немал обврска да објави извинување, како што бара подносителот на претставката.

Одлуката да ја отфрли жалбата на уредникот на МТВ, Стојан Трпчевски, Комисијата ја темели на фактот дека во текстот се испочитувани сите членови од Кодексот на новинарите на Македонија, кои се во корелација со темата што се обработува:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата".*

***Член 4:*** *Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

На седницата одржана на 21 мај 2018 година, Ердем Ахмет беше изземен од расправата за случајот, во согласност со членот 10 од Деловникот на Комисијата поради судир на интереси, а со цел да се обезбеди меритoрност во одлучувањето.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Нова ТВ“ (www.novatv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595